**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1705/2**
**28.07.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 49 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 28.07.2025 г. (понеделник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 14 членови на Советот.
Оправдано отсутна беше советничката Оливера Ташевска.
На Седницата присуствуваа претставници од МЗ на с. Ѕвегор и претставници од Секторот за урбанизам во О. Делчево и секретарот на О. Делчево, Билјана Прачкоска.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 49. Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

## Дневен ред

**-Усвојување на Записникот од 48. Седница**

1. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект згр 2 по барање на Зоран Стојановски**

2. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект помошен објект згр. бр. 1** –по барање на **Милчо Велиновски**

3. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат **Објект станбена куќа згр. бр. 2** –по барање на **Милчо Велиновски**

4. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат - Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Милчо Велиновски**

   Образлагач по точките 2, 3, 4 и 5 е Андријана Соколовска помлад соработник за уредување градежно земјиште.

5. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

6. **Предлог-одлука за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување средства од буџетската сметка на Општина Делчево**

7. **Предлог- одлука за давање согласност за потпишување Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација.**

8. **Предлог-одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево**

   Образлагач по точките 5, 6, 7 и 8 е Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

9. **Предлог-одлука за согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 г.**

   образлагач е Сузана Петровска, советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси на Општина Делчево.

10. **Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“.**

    Образлагач Билјана Петровска, директор на ЈЛБ „Илинден“

11. **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

12. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2025/26**

    Образлагач на точките 9 и 10 е Билјана Дончевска, педагог во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево

13. **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

14. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево за 2025/26**

    Образлагач по точките 11 и 12 е Горан Димитровски, директор на ООУ „Св.Климент Охридски“

15. **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во I (прва) година за учебната 2025/2026 г. во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ Делчево.**

16. **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ Делчево за 2024/2025 г.**

17. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025/2026 г.**

Образлагач Дијана Цонева, директор на СОУ „М.М.Брицо“

18. **Предлог-одлука за усвојување на Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево со предлог-буџет за 2025 г**

    Образлагач Ана Цоневска, Организација ЖЕНА

19. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање 09-1086/1 од 29.04.2025 од Илчо Мицевски**;

20. **Разгледување на Барање бр**. **21-1695/1 од 18.07.2025 од Алија Мемедов.**

21. **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението на слепи лица- Кочани;**

22. **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1452/1 од 24.06.2025 од Центар за одржливи практики „Природна перспектива“ Делчево.**

    Образлагач е Димитар Постоловски, претставник од Здружението

23. **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1563/1 од 02.07.2025 г. од Мартин Спасевски**

24. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 08-1422/1 од 19.06.2025 од МПЦ „Раѓање на свети Јован Крстител“ с. Очипала Делчево**

25. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр.21-1609/1 од 08.07.2025 од Друштво за зачувување на културните вредности на Пијанец- Делчево.**

26. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1648/1 од 11.07.2025 г. од МЗ с. Драмче**

27. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1647/1 од 11.07.2025 г. од Влатко Стоименовски од Делчево.**

28. **Разгледување на Барање од ОО ЖЕНА за автобуска постојка со Заклучок за усвојување;**

29. **Разгледување на Барање бр.09-1393/1 од 13.06.2025 од Ванчо Цонев со Заклучок за усвојување.**

30. **Предлог –решение за предлагање член на УО Меѓуопштински центар за социјални работи.**

31. **Разгледување на Молба бр.09-1345/1 од 05.06.2025 од Делчевско-каменичка епархија со Заклучок за усвојување.**

32. **Предлог-решение за формирање Комисија за проценка и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода -голомразица на територијата на Општина Делчево**

33. **Предлог-одлука за определување на работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Општина Делчево**

    Образлагач: По точките од 20 до 34 е Гоце Попов, претседател на Советот.

34. **Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Делчево со Заклучок.**

    Образлагач Тони Стаменковски, советник од Левица поднесувач на Иницијативата

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред.

Претседателот Попов прв побара збор и истакна дека пред почетокот на Седницата се одржал состанок со жителите од с. Ѕвегор и побара да се дополни Дневниот ред со точка која ќе биде прва на Дневниот ред: **Разгледување на состојбата со водоснабдувањето во с. Ѕвегор и усвојување Заклучок за надминување на проблемот со водоснабдување во селото.**

За предлогот гласаа 14 советници и точката беше ставена под бр 1.

Попов продолжи да се стави уште една точка на Дневен ред, како 36 точка, а се однесува на Барање од РК „Делчево“. За оваа точка материјалите се веќе пуштени по е-маил на советниците: **Предлог-одлука за финансиска поддршка Барање бр. 09-1725 од 23.07.2025 од Ракометниот клуб „Делчево“.**

За предлогот гласаа сите 14 советници.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Дневниот ред беше ставен на гласање. Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Потоа се отвори расправа по Записникот од 48. Седница. Откако никој не се јави за збор, Записникот беше даден на усвојување и беше **усвоен** со **14 гласа**.

Седницата продолжи по Дневниот ред.

1. **Точка број еден- Разгледување на состојбата со водоснабдувањето во с. Ѕвегор и усвојување Заклучок за надминување на проблемот со водоснабдување во селото;**

   Претседателот Попов образложи дека на состанокот со претставниците од МЗ на селото Ѕвегор заедно со координаторите на советничките групи, се дефинирани неколку заклучоци со цел надминување на проблемот со водоснабдувањето во селото:

1. Се задолжуваат градоначалникот на Општина Делчево и надлежните одделенија во Општина Делчево да испратат допис до Министерството за животна средина и просторно планирање, изведувачот на проектот БАУЕР-БГ ДОО Скопје и надзорот „Хидроенергоинженеринг“ ДОО Скопје со кој ќе се известат за алармантната состојба со водоводот во с. Ѕвегор.
2. Да се формира заеднички тим составен од екипи на ЈКП „Брегалница“ и претставници од Месната заедница во с. Ѕвегор кои треба да ја разгледаат можноста за редукција на водоводниот систем со цел рационално користење на водата и снабдување со вода на жителите од сите реони на селото.
3. Да се разгледа можноста за донесување одлука на УО на ЈКП „Брегалница“, заедно со претставници од Месната заедница во селото за времено и паушално наплаќање на потрошената вода од корисниците.

4. Да се свика состанок на Локален совет за превенција на кој ќе се донесат заклучоци за ублажување на последиците од недостигот на вода во с. Ѕвегор.

Попов ги презентираше и заклучоците од веќе одржаниот состанок на Локалниот совет за превенција:

1. Да се известат сите надлежни и да се побара брза реакција за веднаш изведувачот да постапи и да се отстрани дефектот на водоводниот систем;

2. Министерството за животна средина да ја забрза постапката за примопредавање на системот на Општина Делчево по што ќе следува примопредавање од О. Делчево на ЈКП „Брегалница“;

3. Советот на Општина Делчево да донесе одлука за надоместок на потрошена вода за дистрибуција на вода во с. Ѕвегор до примопредавањето на водснабдителниот систем на ЈКП „Брегалница;

4. ТППЕ- Делчево да помогне во ублажување на состојбата со недостаток на вода во с. Ѕвегор, посебно за ранливите категории.

По образложението, претседателот отвори расправа. За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој рече дека како советничка група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, веќе одржале состанок со МЗ од селото, со цел изнаоѓање на решенија. Како советничка група тие во текот на денешниот ден поднеле и Кривична пријава до ОЈО против НН- сторител со цел да се истражат причините за ваквата состојба.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека е ова добар потег, но зошто кон НН – сторител, кога се знае кој е сторител и нагласи дека Партијата „Левица“ Делчево е во тек со работите и одговорно е Министерството за животна средина и министерот кој е во Владата на ВМРО ДПМНЕ, затоа што тие се договараат со фирмата БАУР-БГ и треба пријавата да биде со име и презиме. Исто така, Стаменковски нагласи дека „Левица“ Делчево ќе поднесе барање за комплетна ревизија на проектот кој е донација од Швајцарска Конфедерација и посочи дека мора да се знае одговорноста, бидејќи во 21 век, жителите да немаат вода за пиење.

Реплика побара Иван Гоцевски кој рече дека е гол популизам изјавата на „Левица“ и сеење магла и поврзувањето на моето име со некое министерство е некоректно и не звучи убаво. Бидејќи НН-сторител е непознат сторител и нагласи дека Стаменковски не знае што пишува во Кривичната пријава.

Контрареплика побара Тони Стаменковски кој се забгалгодари на сугестијата и рече дека ќе им помогне со ревизијата на проектот за да биде комплетна кривичната пријава.

За збор се јави Кире Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и Коалицијата комплетно ги поддржува сите заклучоци и нагласи дека „не можам да ги разберам координаторите на советничките групи на ВМРО ДПМНЕ и на Левица кои за ситни политички поени, поднесена кривична пријава кога на претходниот состанок на Локалниот совет за превенција беше преземена обврска од ОВР Делчево кои побараа и комплетна документација. И сега вие со маката на жителите од с. Ѕвегор ќе добиваме политички поени.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека состанок на Локалниот совет за превенција не е одржан и началникот на ОВР Делчево нема право да учествува.

Претседателот одговори дека е одржан Вонреден состанок на Локалниот совет и дека има Записник од Состанокот, каде има 15 присутни, со Дневен ред и со образложенија од

присутните и одговорните инженери од О. Делчево. „Во нашиот Заклучок е дека ќе се свика повторно нов Состанок на Локалниот совет за превенција. Сметам дека треба нашиот Заклучок да го изгласаме".

Бидејќи никој друг не побара збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

За точката гласаа 14 советници со што Заклучокот **за надминување на проблемот со водоснабдување во селото беше усвоен.**

2. **Точка број два- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект згр 2 по барање на Зоран Стојановски.**

Образложение по точката даде Андријана Соколовска помлад-соработник за уредување градежно земјиште. Таа истакна дека со Одлуката се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-397** од **24.03.2016** година, од страна на **Зоран Стојановски од ул.„4-ти Јули" бр.45И-9 – Скопје, Ѓорче Петров** за бесправно изграден објект, **објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр**.**6421/1 КО Град** запишана во Имотен лист бр. **480** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

За точката гласаа 13 советници, а 1 беше ВОЗДРЖАН, со што беше **усвоен**а точката **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект згр 2 по барање на Зоран Стојановски.**

3. **Точка број три- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект помошен објект згр. бр. 1** –по барање на **Милчо Велиновски.**

Обрзаложение и по оваа точка даде Андријана Соколовска која истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**.**3281 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **За** точката гласаа 13 советници, а 1 беше **ВОЗДРЖАН**, со што беше **усвоен**а точката **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект помошен објект згр. бр. 1** –по барање на **Милчо Велиновски.**

4. Точка број четири- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 2 –по барање на Милчо Велиновски**

Андријана Соколовска образложи дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на **КП бр.3281 КО Стамер** запишана во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

По образложението, претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **За** точката гласаа **13 советници**, а **1 беше ВОЗДРЖАН**, со што беше **усвоен**а точката **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 2 –по барање на Милчо Велиновски**

5. **Точка број пет- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат -Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Милчо Велиновски.**

Андријана Соколовска истакна дека со оваа Одлука **с**е утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-1782** од **31.08.2011** година од страна на **Милчо Велиновски од с. Стамер – Општина Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **3** изграден на **КП бр.3281 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **442** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

По образложението, претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **За** точката гласаа **13 советници**, а **1 беше ВОЗДРЖАН**, со што беше **усвоен**а точката **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат -Објект помошен објект згр. бр. 3 –по барање на Милчо Велиновски.**

6. **Точка број шест- Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**

Образложение по точката даде Ѕвонко Атанасов раководител на Сектор за урбанизам. Тој рече дека Дополнувањето на Програмата се однесува на приватни иницијативи: 6 се за изградба на фотоволтаични централи и 1 е за изградба на традиционални куќи за потребите на туризмот и станува збор за приватна иницијатива.

По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави советникот Тони Стаменковски кој праша од која категорија е земјиштето на кое ќе се градат фотоволтаиците и кои се инвеститорите.

Звонко одговори дека ќе се гради согласно со закон, каде се предвидува и категоријата на земјиштето, доколку има отстапки, инвеститорот нема да добие одобрение за изградба на фотоволтаиците, а инвеститорите се приватни.

По расправата, точката беше ставена на гласање. **За** точката гласаа **12 советници**, а **1 беше ВОЗДРЖАН**, со што беше **усвоен**а точката **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**

7. Точка број седум- **Предлог-одлука за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување средства од буџетската сметка на Општина Делчево.**

Образложение по точката даде Звонко Атанасов кој рече дека оваа одлука е на барање на Министерството за животна средина, а во врска со задолжувањето во Европската инвестициска банка за реализација на проектот- регулација на речното корито на река Брегалница низводно.

По образложението, беше отворена расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **За** точката гласаа **12 советници**, а **1 беше ВОЗДРЖАН**, со што беше **усвоен**а точката **Предлог-одлука за давање согласност и овластување за измирување, односно пренасочување средства од буџетската сметка на Општина Делчево.**

8. **Точка број осум- Предлог-одлука за давање согласност за потпишување Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација.**

Во образложението, Ѕвонко објасни дека станува збор за терк кој е потребен при апликацијата за проекти.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 12 советници, а 1 беше ВОЗДРЖАН** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за давање согласност за потпишување Изјава од Градоначалникот на Општина Делчево за исполнетост на условите и обврските по проектна документација.**

9. **Точка број девет- Предлог- одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево**

Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај образложи дека со оваа Одлука за утврдуваат зони за проценка на пазарната вредност на недвижен имот и се утврдува пазарната вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби од претходната година на подрачјето на Општина Делчево. Нема измена во цените, освен за земјоделско земјиште од 10 ден зголемување.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 13 советници** со што беше **усвоена** точката **Предлог- одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево.**

10. Точка број десет- **Предлог-одлука за согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 г.**

Образлагач по точката беше Сузана Петровска, советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси на Општина Делчево. Таа истакна дека за наредната година во ГПВ за О. Делчево не е предвидено вработување, ниту унапредување на административните службеници.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 7 советници, а 6 беа ВОЗДРЖАНИ** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 г.**

**11.** Точка број единаесет- **Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“.**

Образлагач по точката беше Билјана Петровска, директор на ЈЛБ „Илинден“. Таа истакна дека планирани унапредувања на работни места за наредната година не се предвидени, не е предвидено ниту пензионирање, додека е планирано пополнување на работни места преку ново вработување- 1 (едно) вработување и тоа виш соработник за човечки ресурси-административна служба.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 7 советници, 1 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ** со што беше **усвоена** точката **Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“.**

**12. Точка број дванаесет- Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.**

Образлагач по точката беше Маријана Стоименовска, заменик-директор во ООУ „Ванчо Прке“ која истакна дека со оваа Одлука се дава согласност за формирање чисти паралелки од 1 до 9 одделние, со помалку од 20 ученици на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево во учебната 2025/26 година и комбинирани паралелки.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 13 советници,** со што беше **усвоена** точката **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.**

**13.** Точка број тринаесет- **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2025/26.**

Образложение по точката даде Маријана Стоименовска, заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“ која ја образложи планираната Програма за работа на училиштето, планираните активности и цели. Истакна дека Годишната програма за 2025/26 е краткорочен развоен документ, но изработен со цел да се обезбеди квалитетно планирање и реализација на воспитно-образовната дејност. Програмата е подготвена врз основа на согледани состојби и недостатоци, од спроведена самоеволуација во учебната 2024/25 г., наоди од инспетори, но и стручна анализа на наставниот процес.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 12 советници,** со што беше **усвоена** точката **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2025/26.**

14. Точка број четиринаесет- **Предлог-одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

Образлагач по точката е Влатко Атанасовски, заменик-директор во ООУ „Св.Климент Охридски“кој истакна дека со оваа Одлука се дава согласност за формирање чисти паралелки од 1 до 9 одделние, со помалку од 20 ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2025/26 година и комбинирани паралелки.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 13 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици за учебната 2025/2026 г. во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

15. Точка број петнаесет- **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево за 2025/26**

Образлагач по точките е Влатко Атанасовски заменик- директор на ООУ „Св.Климент Охридски“ кој пред советниците ја образложи планираната годишна програма за работа на училиштето истакнувајќи ги планираните активности, мерки и цели.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 13 советници,** со што беше **усвоена** точката **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево за 2025/26**

16. Точка број шеснаесет- **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во I (прва) година за учебната 2025/2026 г. во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ Делчево.**

Образлагач по точката беше Весна Димитровска која посочи дека со оваа Одлука се дава согласност за формирање паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број согласно со член 28 став 2 од Законот за средно образование во прва година средно образование во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево во учебната 2025/26 година и тоа:

1. Во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево во гимназиско образование со насоки: природно-математичко подрачје (комбинација А), природно-математичко подрачје (комбинација Б), општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А) и општествено хуманистичко подрачје (комбинација Б), се формираат 3 (три) паралелки во **прва година во учебната 2025/2026**:

- Паралелка бр.1 со 22 ученици
- Паралелка бр.2 со 20 ученици
- Паралелка бр. 3 со 25 ученици

2. Во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево се формираат 2 (две) стручни паралелки во **прва година во учебната 2025/2026**:
   -текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека со 4-годишно траење 1 (една) паралелка со 11 ученици
   -хемиско-технолошка струка-прехранбен техничар со 4-годишно траење-1 (една) паралелка со 10 ученици.

Димитровска нагласи дека оваа година од делчевските деветтоодделенци 34 се запишале по другите средни училишта во државата.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 13 советници,** со што беше **усвоена** точката **Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во  I (прва) година за учебната 2025/2026 г. во СОУ „Методи Митевски-Брицо" Делчево.**

**17.** Точка број седумнаесет- **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо"  Делчево за 2024/2025 г.**

Образлагач и по оваа точка беше професорката Весна Димитровска која пред советниците го образложи Годишниот извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо". Таа истакна дека успешно биле реализирани сите проекти од ЕРАЗМУС + и др. донатори, имало голема бројка на ученици кои беа во странство кои добија позитивни искуства. Има благо опаѓање и на бројот на изостаноци, во просек по 10 изостаноци по ученик е намалена бројката на отсуства. Сметаме дека има многу малку отстапување во поглед на реализираните резултати, нагласи Димитровска.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 12 советници,** со што беше **усвоена** точката **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо"  Делчево за 2024/2025 г.**

**18.** Точка број осумнаесет-  **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо" за 2025/2026 г.**

Образлагач беше Весна Димитровска, истакна дека ќе се задржи на новините предвидени во новата учебна година, а се однесуваат во поглед на систематизацијата и во поглед на ангажирањето на кадарот. За прв пат ќе работат два кариерни советници што е и решавање на вработените во моментот на отсуство на часови. Кариерното советнување ќе покрива по 5 часа на два професори. Тоа ќе е посебно катче, каде ќе се работи со младите на професионална ориентација и имаме обврска 6 месеци по излегувањето од училиштето да се следи нивниот кариерен развој и ова е новина која досега не се применувала и сметаме дека ќе биде од голем интерес. Исто така, за прв пат се внесува асистенција при учење преку работа и прв пат оваа година е внесно во систематизацијата. Наредната година, ова училиште ќе работи проект поврзан со менталното здравје.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 12 советници,** со што беше **усвоена** точката **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „М.М.Брицо" за 2025/2026 г.**

**19. Точка број деветнаесет-  Предлог-одлука за усвојување на Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево со предлог-буџет за 2025 г**

Образлагач по точката беше Анита Цоневска, извршна директорка на Организација ЖЕНА. Таа истакна дека врз основа на Решение за избор бр. 08-1131/5 од 27.05.2025 година, Организација ЖЕНА Делчево е избререна да раководи со Младинскиот Центар Делчево.
Изборот се изврши врз основа на Јавен повик бр. 08-1131/1 од 07.05.2025. За таа цел, врз основа на Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020) и Правилникот за стандардите за воспоставување и функционирање на младински центри, Организација ЖЕНА Делчево до Вас ги достави: Програмата и буџетот за работа на Младинскиот Центар Делчево за 2025 година. Таа ги образложи целите и активностите кои се

предвидени во Програмата и истакна дека Вкупниот буџет на оваа рпограма изнсеува 343.000 ден. Учеството на Опшитната е во висина од 199.000 денари а на Организација ЖЕНА е во висна од 144 000 ден.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 12 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за усвојување на Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево со предлог-буџет за 2025.**

По усвојувањето на оваа точка, претседателот Попов даде кратка пауза.

По паузата, Седницата продолжи по Дневниот ред со точка број 20 (дваесет)

20. **Точка број дваесет- Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање 09-1086/1 од 29.04.2025 од Илчо Мицевски**;

Барањето за финансиска поддршка поднесено од Илчо Мицевски го образложи претседателот Попов. Тој истакна дека подносителот на Барањето е во незавидна финансиска состојба, невработен и бара од Советот да му помогне за ископ на канал за поставување елекричен кабел од старата куќа до новата во должина од 500 метри за да може да се приклучи на електрична енергија, бидејќи подолго време живее без струја. Попов предложи да се доделат од Буџетот на Општината 15.000 денари.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање 09-1086/1 од 29.04.2025 од Илчо Мицевски**

**21.** Точка број дваесет и еден- **Разгледување на Барање бр. 21-1695/1 од 18.07.2025 од Алија Мемедов.**

Барањето го образложи претседателот Попов кој рече дека Алија Мемедов испратил Барање за санација на кровната конструкција, бидејќи нема финансиска можност да ја направи. Попов предложи да се издвојат 15.000 ден од Буџетот за да му се помогне на овој наш сограѓанин.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1695/1 од 18.07.2025 од Алија Мемедов.**

**22.** Точка број дваесет и два- **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението на слепи лица- Кочани;**

Образложение даде престедателот Попов. Поднесено е барање за финансиска помош на регионалното Здружение на слепи лица кое е надлежно за 8 општини меѓу нив и Делчево. Претседателот предложи да им се помогне со 10.000 денари.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението на слепи лица- Кочани**

23. **Точка број дваесет и три- Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр.  21-1452/1 од 24.06.2025 од Центар за одржливи практики „Природна перспектива“ Делчево.**

Образлагач по точката беше Димитар Постоловски, претставник од Здружението кој истакна дека според замислата „Голак Треил“‘ е спортски настан кој за прв пат ќе се одржи во 2025 година и има тенденција да прерасне во традиционален. Овој спортски натпревар претставува уникатна комбинација од планинско трчање и брзо одење, зависно од делницата на патеката, низ живописните предели на планината Голак, со совладување одредена надморска висина. Главната цел на настанот е промоција на планината Голак и нејзините природни убавини, како и популаризација на планинскиот спорт и активниот туризам во источниот регион на Македонија. Со овој настан, сакаме да поттикнеме развој на планинскиот туризам и да го ставиме Делчево и неговата околина на туристичката мапа на Македонија. Источниот дел на земјата има огромен потенцијал кој досега недоволно е искористен. Веруваме дека преку вакви иницијативи ќе придонесеме за економски и туристички развој на регионот, создавање нови можности за локалната заедница и зголемување на свеста за значењето на здравиот начин на живот и активниот одмор во природа. „Голак Треил“ е отворен за сите љубители на спортот, природата и авантурите – за сите кои сакаат да го искусат уникатниот спој од предизвик, убавина и мир што го нуди планината Голак. Сите собрани средства од котизациите на учесниците ќе бидат донирани на Support Кочани, а самиот настан ќе има хуманитарен карактер. Првото издание на „Голак Треил“ ќе биде посветено на прерано починатиот Иле Гоцевски, шофер во Брзата помош во Кочани, кој за време на трагичната несреќа возеше 11 пати до Скопје со цел да спаси животи. Во негова чест, трката ќе биде долга точно 11 километри, симболично претставувајќи го неговиот пат на пожртвуваност и човечност.

По образложението, претседателот Попов предложи на советниците да се донесе одлука со која од општинскиот Буџет ќе се одвојат **60.000 денари** за организација на настанот. По ова, беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

**За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр.  21-1452/1 од 24.06.2025 од Центар за одржливи практики „Природна перспектива“ Делчево.**

24. **Точка број дваесет и четири- Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1563/1 од 02.07.2025 г. од Мартин Спасевски**

Образложение даде претседателот Попов кој рече дека во Барањето е наведено дека Мартин е професионален велосипедист на кого му се потребни средства за патување во странство и учество на меѓународни велосипедски трки во Бугарија, Романија и др. Претседателот предложи да му се помогне со 20.000 ден.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 21-1563/1 од 02.07.2025 г. од Мартин Спасевски**

25. **Точка број дваесет и пет- Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 08-1422/1 од 19.06.2025 од МПЦ „Раѓање на свети Јован Крстител“ с. Очипала Делчево.**

Образложение даде претседателот Попов кој нагласи дека во тек е изградбата на црквата посветена на „Раѓање на свети Јован Крстител“ во с. Очипала и ЦО на селото бара средства за дозиградба на црквата. Претседателот предложи да им се помогне со **20.000 денари**.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 08-1422/1 од 19.06.2025 од МПЦ „Раѓање на свети Јован Крстител“ с. Очипала Делчево**

26. **Точка број дваесет и шест-Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр.21-1609/1 од 08.07.2025 од Друштво за зачувување на културните вредности на Пијанец- Делчево.**

Образложение и по оваа точка даде претседателот Попов кој посочи дека Друштвото по 5-ти пат ја организира традиционалната меѓународна манифестација „Зелкаријада“која оваа година ќе се одржи на 16 август, сабота, и на која по 2 пат ќе присуствуваат гости од Србија и Бугарија. Организаторот бара финандиска поддршка за реализација на манифестацијата. Оваа година предлагам да одвоиме 30.000 ден.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр.21-1609/1 од 08.07.2025 од Друштво за зачувување на културните вредности на Пијанец-Делчево.**

27. **Точка број дваесет и седум-Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1648/1 од 11.07.2025 г. од МЗ с. Драмче**

Претседателот Попов образложи дека до Советот е пристигнато Барање од МЗ од с. Драмче во кое се бара финансиска поддршка за изградба на нова водоводна линија во селото. Претседателот предложи да се доделат **60.000 ден**.

По образложението беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка по Барање бр. 09-1648/1 од 11.07.2025 г. од МЗ с. Драмче**

28. **Точка број дваесет и осум- Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1647/1 од 11.07.2025 г. од Влатко Стоименовски од Делчево.**

Претседателот Попов го образложи Барањето доставено до Советот во кое се бара санација на улицата со потпорен ѕид, бидејќи има ризик по неговата куќа откако пропаднала улицата. Претседателот предложи 15.000.ден.

За збор се јави Кире Тренчевски кој посочи дека таму е доста критична состојбата и предложи помошта да се зголеми на 20.000 ден.

Предлогот беше прифатен и точката беше **едногласно усвоена- Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр.09-1647/1 од 11.07.2025 г. од Влатко Стоименовски од Делчево.**

29. **Точка број дваесет и девет-Разгледување на Барање од ОО ЖЕНА за автобуска постојка со Заклучок.**

Попов го образложи Барањето согласно кое се бара во најбрз можен рок да се постават автобуски постројки во градот и се апелира да се овозможат пристојни услови за чекање на превоз. Исто така, со Барањето се бара изградба на јавен објект автобуска станица и во соработка со Секторот за урбанизам да се разгледаат можностите за локација. Попов истакна дека постапката е доста сложена и затоа предложи да се донесе Заклучок да се препрати Барањето до Секторот за урбанизам и да го информираат потоа Советот дали ќе може да се излезе пресрет на Барањето.

По образложениeто беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката Заклучок от по Барањето од ОО Жена за автобуска постројка.

30. **Точка број триесет- Разгледување на Барање бр.09-1393/1 од 13.06.2025 од Ванчо Цонев со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше барателот Михаил Цонев кој рече дека ММЦ е фирма со 80 вработени и извозно ориентирана и се занимаваат со производство на работна и заштитна облека. Фирмата работи исклучиво за германскиот пазар. Но, последните години се соочени со зголемена побарувачка од страна на партнерите и треба да се зголемат производствените капацитети. Заради тоа имавме просторно ограничување и да се реши овој проблем е одлучено на стратешка инвестиција преку откуп на објектот Кожара. За жал, објектот е прилично руиниран, но одлучивме да го земеме и да го ревитализираме со цел да се реализираат нашите стратешки планови да се инвестира во нови производствени линии, во нови капацитети. За сето тоа да се случи има пречка поврзана со урбанизацијата на самиот простор. Целта на моето излагање е да се види можната разрешница за ситуацијата со цел да бидеме посериозни со нашите странски партнери ќе биде потребно да го поседуваме и земјиштето. За да го откупиме земјиштето, нема да навлегувам во деталите, но сакам да ве уверам дека Г1 е намената којашто е постоечка во ГУП и тоа е тешка и загадувачка индустрија. Во никој случај не би сакал јас, како повратник во Делчево, кај што сум се решил да го проширувам бизнисот и да создадам семејство, ни на крај памет не ми паѓа ние да правиме нешто во насока на тешка и загадувачка индустрија. Сакам да ве уверам дека сите наши планови и визии се за лесна и незагадувачка индустрија. Поврзани се со шиење, можеби и на проширување на асортиманот. Сакаме преку ревитализација на овој проект со еколошки материјали, да се зголеми енергетската ефикасност, ќе се зголемат вработувањата и уште толку позитивно да влијаеме на економската ситуација во нашиот град. Барањето до вас е да имате разбирање и отворен ум. Сите координатори во Советот и надлежните во Општината се запознати имаме позитивни сигнали. Но, пред вас изјавувам дека во никој случај нема да биде тешка и загадувачка индустрија. Во консултации и со Агенција за просторно планирање и со Министерството за транспорт и врски има застој локално. Кое е решението не можам да кажам и барам поддршка да го реализираме планот. Ако постои некој правен механизам, ние да се обврземе нотарски дека нема да биде тешка и загадувачка индустрија.

По образлагањето, Гоце Попов рече дека проблемот е што во актуелниот ГУП е предвидена Г1-тешка и загадувачка индустрија, а вие сакате да биде Г2 лесна и незагадувачка индустрија. Ние како Совет, претходно кога ја разгледувавме таа точка, и ние не даваме одобрение да биде Г1 и сè уште сме на тој став, без разлика што актуелниот ГУП го дозволува тоа. Ние сме за тоа да биде Г2, но како може да се изведе правно не знаеме. Мој предлог е да упатиме официјален допис до Секторот за урбанизам за да видиме од нивна страна како може да се постапи. Тие да ни дадат одлука со која ние ќе го поминеме тоа со Г2 лесна и незагадувачка

индустрија. Ние имаме став дека сакаме да излеземе пресрет. Знаеме дека вашата намера е чесна.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека пред неколку месеци имало јавна дебата за новиот ГУП и од негова страна претставниците од Министерството за транспорт и врски беа известени дека Г1 да се префрли во Г2, и тие сите ќе го поддржат. Министерството треба да ги реши тие работи со Секторот во Општината, не со нас, нагласи Стаменковски.

Михаил Цонев рече дека треба да сме „луди“ да инвестираме во тешка индустрија. Прашање на време е кога ќе се донесе новиот ГУП, тие се во завршна фаза. Немаме интерес да инвестираме во тешка индустрија, бидејќи прашање на време е кога ќе треба да се прилагодиме кон лесна индустрија. Ако постои можност да се обврземе, ако одиме по патот да се оди до урбанизам и назад, тоа ќе биде еден пат кој ќе трае многу долго. Затоа од вас барам многу прагматично решение.

Гоце Попов рече дека ние мора да се потпираме на одлуките на Секторот за урбанизам, оти ќе направиме упад во системот. Мора да се обратиме до Секторот, тие да најдат модус, оти сè друго е кривично дело.

Гоце Попов истакна дека ќе се донесе Заклучок со кој Барањето да се достави на разгледување до Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР при Општина Делчево, а Секторот да се задолжи да направи увид во актуелната урбанистичка документација и согласно со позитивните законски прописи да достави мислење до инвеститорот-подносителот на Барањето, за понатамошно постапување.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 11 советници,** со што беше **усвоена** точката **Заклучок по Барање бр.09-1393/1 од 13.06.2025 од Ванчо Цонев.**

31. **Точка број триесет и еден- Предлог –решение за предлагање член на УО Меѓуопштински центар за социјални работи.**

Образложение по точката даде претседателот Гоце Попов кој даде предлог со кој за член на УО на Меѓуопштински центар за социјални работи ја предлага Снежана Трајкова, вработена во општинската администрација во О. Делчево.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **За гласаа 10 советници и 1 воздржам,** со што беше **усвоена** точката **Предлог –решение за предлагање член на УО Меѓуопштински центар за социјални работи**

32. **Точка број триесет и два-Разгледување на Молба бр.09-1345/1 од 05.06.2025 од Делчевско-каменичка епархија со Заклучок за усвојување.**

Образложение даде претседателот Попов кој истакна дека новоформираната Епархија бара простории во старата зграда сместена меѓу судот и ОВР Делчево. Тие имаат сознанија дека таа зграда е празна и е во сопственост на О. Делчево. И бараме да ни ја дадете на користење зградата која со мало реновирање ќе ја ставиме во функција и да се обезбеди непречено функционирање на црковната администрација на Делчевско-каменичката епархија.

Попов предложи да се направи Заклучок со кој ќе го испратиме Барањето до градоначалникот и до Одделението за јавни набавки за администрирање имот на О. Делчево и да се побара да се одговори позитивно.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше завршена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа** 10 советници со што беше **усвоена точката**: **Заклучок по Молба бр.09-1345/1 од 05.06.2025 од Делчевско-каменичка епархија.**

33. **Точка број триесет и три-Предлог-решение за формирање Комисија за проценка и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода -голомразица на територијата на Општина Делчево.**

Образложение даде претседателот Попов, кој ги претстави предложените членови за Комисијата за проценка и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода - голомразица на територијата на Општина Делчево:

1. **Кире Цоневски**-преставик од општинската администрација при Општина Делчево
2. **Иван Гоцевски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
3. **Тони Стаменковски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
4. **Илче Каранфиловски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
5. **Орце Ангелов** -предлог на Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
6. **Јовка Стојанова** -предлог на Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
7. **Александар Димитровски**- предлог на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево.

По образложението, беше отворена расправа. Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше завршена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа** 10 советници со што беше **усвоена точката: Предлог-решение за формирање Комисија за проценка и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода -голомразица на територијата на Општина Делчево.**

34. **Точка број триесет и четири-Предлог-одлука за определување на работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Општина Делчево**

Образлагач по точката беше Гоце Попов, претседател на Советот. Имаме допис од Министерство за економија и труд кој побарува информација за работно време на занаетчиските дејности. Бидејќи, Советот нема донесено таков акт, тој предложи на оваа Седница да се донесе Одлука со која ќе се определи работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Општина Делчево во зависност од месните обичаи и потреби.
Работното време на занаетчиските дејности се определува на следниот начин:

- од 8,00-20,00 часот во периодот на зимското сметање на времето и од 08,00-21,00 часот во периодот на летното сметање на времето;
- работното време на пекарите и бурекџилниците се определува од 00,00-24,00 часот за производствениот процес и од 05,00- 24,00 часот за продажната и услужната дејност во работните денови, односно од 05,00-00,00 часот во сабота и спроти државни празници.

По образложението беше отворена расправа, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше завршена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 10 советници** со што беше едногласно усвоена точката: **Предлог-одлука за определување на работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Општина Делчево.**

35. **Точка број триесет и пет-Иницијатива за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Делчево со Заклучок.**

Образлагач беше Тони Стаменковски, советник од „Левица“ и поднесувач на Иницијативата. Тој нагласи дека Иницијативата за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Делчево е со цел да се посвети особено внимание на имплементацијата на содржините и методите за самозаштита, јавните сновни и средното училиште во О. Делчево при изработка на годишните програми за работа, да изготват детален и прецизен план за спроведување активности и мерки за обучување за самозаштита согласно со обврските пропишани во Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции. Стоименовски ги претстави предвидените активности и мерки во Иницијативата и нагласи дека ова ќе обезбеди не само усогласување со постојаната регулатива, туку и орактична подготвеност на најмладата популација за справување со реални животни ситуации. Дополнително, директорите ќе доставуваат извештај до Советот за преземени активности.

По образложеniето, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 10 советници** со што беше едногласно усвоена точката: **Заклучок за усвојување на Иницијативата за имплементација на обуката за самозаштита во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Делчево.**

36. **Точка број триесет и шест-Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1725 од 23.07.2025 од Ракометниот клуб „Делчево“**

Образлагач по точката беше претседателот Гоце Попов, кој во образложениeто по точката истакна дека до Советот е доставено Барање за финансиска поддршка за организирање мемоquerijален турнир во ракомет во чест на прерано починатата Андреа Ампова која почина на само 10-годишна возраст, која имала посебна љубов кон спортот,посебно кон ракометот. Целта на турнирот е да се негува споменот на Андреа, да се промовира спортот кај младите и да се зајакне спортската култура и заедништво во Делчево. Претседателот предложи да се одделат 30.000 ден помош за организирање на турнирот.

По образложеniето, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 10 советници** со што беше **едногласно усвоена** точката **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 09-1725 од 23.07.2025 од Ракометниот клуб „Делчево**

По исцрпување на Дневниот ред, претседателот ја затвори Седницата.
Седницата заврши во 14.00 мин.

| | |
|---|---|
| **Записникот го водела** | **Совет на Општина Делчево** |
| **Даниела Такева** | **Претседател** |
| | **Гоце Попов** |